Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 04-1953/2
03-06-2025 година

Врз основа на членовите 30, 48, 49 и 50 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведувањето на административна селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 303/20) и Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за храна и ветеринарство бр. 01-7655/5 од 16.12.2015 година со сите негови измени, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БР. 2/2025
# ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА СО УНАПРЕДУВАЊЕ

1. **Советник инспектор – официјален ветеринар ПЕ Куманово во Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, Сектор за инспекциски надзор, со шифра ИНС0101В01001 – 1 (еден) извршител;**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за работно место:**

стручни квалификации – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и- **ветеринарна медицина**;
- работно искуство: најмалку три (3) години работно искуство по дипломирањето;
- посебни работни компетенции:
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Други посебни услови:**

- лиценца за инспектор

quality austria SYSTEM CERTIFIED ISO 9001:2015 No.15994/0

На интерниот оглас може да се јави административен службеник, вработен во истата институција, кој ги исполнување општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за храна и ветеринарство, како и:
- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас:
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

<u>Кон пријавата кандидатите да ги приложат следните докази во оригинал или заверени на нотар:</u>

- Државјанство,
- Диплома за завршено образование,
- Лекарско уверение од медицина на труд,
- Потврда за не изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност,
- Историјат од АВРСМ ( Агенција за вработување),
- Потврда за познавање на англиски јазик,
- Потврда за познавање на компјутери,
- Образец за оценување на административен службеник за последните 3 години.

<u>Кон пријавата кандидатите може да приложат и:</u>

- потврди за успешно реализирани обуки и /или
- потврди за успешно реализирано менторство ( како ментор или менториран административен службеник).

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавување на интерниот оглас.

Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку архивата на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија до Одделението за управување со човечки ресурси.

Дневно работно време од 07:30 до 15:30 и 08:30 до 16:30 часот.
Неделно работно време: 40 (четириесет) часа.

Паричен износ:

1. Советник инспектор – официјален ветеринар ПЕ Куманово во Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство, Сектор за инспекциски надзор - 36.383,00денари;

Ненавремено, нецелосно или неуредно пополнетата пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Во пријава кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријава се точни, а доставените докази верни на оргиналот. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка по овој оглас.

Постапката за интерниот оглас ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

Директор,
д-р Оливер Миланов

ДОСТАВЕНО ДО:
- Одделението за управување со човечки ресурси
- Именуваниот

